SOCOTAB
Leaf tobacco

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив** | **ПРОЦЕДУРА ЗА ПРАШАЊА ЗА ИТНА АКЦИЈА (ПИА)** | | **страница 1 од 12** |
| **Тип на документ** | **Политика за одржливост на Групацијата** | **Документ бр.** | |
| **Ревизија бр.** | | **Важи од:** | |
| **Составен од:** | **МГА** | **Одобрено од:** | |

| | |
|---|---|
| **1. ЦЕЛ** | Да се дефинира и документира процедурата за Прашања за итна акција (ПИА) поврзани со Програмата за земјоделски трудови практики (ЗТП). |

| | |
|---|---|
| **2. ОПСЕГ** | Од првичната идентификација на Прашање за итна акција на фарма преку анализа, следење, решавање, ескалација и процеси на документирање. |

**3. СТРУКТУРА**




| | |
|---|---|
| **4. УСЛОВИ И КРАТЕНКИ** | **ИТ**: **Извршен тим** – одговорен за целокупниот надзор на одржливоста и прикажување на корпоративната посветеност кон одржливоста.<br>**ЛКО**: **Локален комитет за одржливост** – одговорен за препознавање на приоритети за одржливост и поставување цели на локално ниво, проценка и справување со влијанија и ризици, следење на напредокот и перформансите, одржување и подигање на свеста и разбирање на најдобрите практики на ВАСС кои поттикнуваат спроведување на конкретни цели.<br>**РГ**: **Работна група** – одговорна за развивање и одржување на акциски планови за решавање на пошироки системски прашања.<br>**СТЛ**: **Специјалист за тутунски лист** – одговорен за мониторинг на фармата во текот на сите фази на растење, препознавање на проблеми, обука на земјоделците, следење на препознатите ризици.<br>**ЗТП**: **Земјоделски трудови практики**.<br>**ОПТ**: **Одржлива програма за тутун**.<br>**ПИА** : Препознати **прашања за итна акција** на фармата.<br>**НС** : **Несообразност**.<br>**Т2** : ERP системот на Сокотаб се користи за документирање на сите податоци од фармата. |

| | |
|---|---|
| **5. ПОВРЗАНИ ДОКУМЕНТИ** | • Политика за човекови права на Сокотаб Групацијата<br>• Процедура за внимателна анализа на Сокотаб<br>• Кодекс на однесување на добавувачи на Сокотаб<br>• Кодекс на ЗТП за дефинирање на принципите и стандардите на ЗТП<br>• Упатство за ОПТ Насоки за агрономија издадени од производителите-учеснички |

| | |
|---|---|
| **6. ЗАПИСИ** | • Образец за ПИА<br>• База на податоци за ПИА во Т2 |

| | |
|---|---|
| **7. ДЕЈСТВА** | **7.1 ОДГОВОРНОСТИ**<br>**ЛКО**<br>• Обезбедува насоки, распределува соодветни ресурси, ги потврдува и валидира приоритетите и акциските планови и ангажира надворешни соработници.<br>• Ги разгледува ескалираните ситуации, одредува алтернативи и носи конечни одлуки.<br>**РГ**<br>• Договара акциски планови со координаторот на ЗТП.<br>• Организира редовни состаноци за дискусија, следење и повратни информации.<br>• Ги евидентира проблемите и статусот во записникот од состанокот.<br>• Развива и одржува акциски планови за решавање на пошироки системски прашања.<br>• ЛКО ги разгледува и одобрува акциските планови за системски прашања.<br>**Координатор на ЗТП**<br>• Го обучува теренскиот персонал за процесот за ПИА и НС и го потврдува нивното разбирање.<br>• Овозможува теренскиот персонал да ги има потребните алатки за решавање на проблемите со ПИА и НС.<br>• Подготвува анализа на податоците од ПИА.<br>• Ги решава ситуациите и утврдува ескалација каде што е потребно.<br>• Испраќа писма за известување кога е потребно.<br>• Иницира состаноци со ОПТ на ЛКО.<br>**СТЛ**<br>• Ги обучува земјоделците според Кодексот на ЗТП.<br>• Препознава проблеми на фармата.<br>• Ги советува земјоделците за справување и решавање на проблемите.<br>• Договара акциски планови со земјоделците за да се спречи појава или повторување на проблеми и го следи развојот.<br>• Издигнува на повисоко ниво ситуации во согласност со Процедурата за ескалација кога е потребно. |

- Евидентира проблеми во Т2.
- Работи со земјоделците за разбирање и решавање на основната причина.

**7.2 ПРОЦЕС**




**7.3 ИДЕНТИФИКАЦИЈА**

За време на посетите на фармата и при документирање на изјавите на земјоделците, СТЛ следи и набљудува според кодексите на ЗТП и ОПТ.
Сите препознати проблеми и потенцијални ризици потоа се класифицираат како НС, ПИА или Екстремен прекршок.

Особено внимание се посветува на следниве случаи:

- ПИА што треба веднаш да се реши, или
- НС што треба да се реши за да се избегне идно ПИА, или
- Екстремен прекршок кој треба веднаш да се крене на повисоко ниво (види Процедура за екстремни прекршоци).

Анекс 1 ја покажува разновидноста на ситуации што може да се забележат на фармите за тутун.

### 7. 4 ВАЛИДАЦИЈА И ПРАВЕЊЕ ПРИОРИТЕТИ

За време на валидацијата, СТЛ ќе идентификува дали:

- Постојат носители на права кои припаѓаат на најранливите групи на луѓе изложени на ризик:
    - деца
    - бремени жени
    - стари лица
    - работници изложени на несоодветни работни услови.
- Работниците можат слободно да ги напуштат своите работни места.
- Постојат сериозни ризици за животната средина и физичката и менталната благосостојба на луѓето.

СТЛ треба да ги испраша сите учесници за воочениот проблем, да ги поврзе и анализира информациите од многу извори и на крајот да утврди дали е потребна итна акција или подигање на повисоко ниво.

Доколку прашањето е се повторува или претставува прекршок на основните човекови права, што веднаш се подига на повисоко ниво.

### 7.5 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Штом ќе се исклучи натамошното издигнување на повисоко ниво, СТЛ треба:

- Да разговара со земјоделецот за да ја разбере основната причина за секоја ситуација и да одлучи за корективен акциски план со земјоделецот.
    - **За тип 1 на ПИА**: СТЛ треба веднаш да стави крај на препознатиот проблем и да се договори за решение со земјоделецот за да се спречи повторување на ситуацијата.
    - **За тип 2 на ПИА**: СТЛ треба да ја процени ситуацијата и да се договори за акциски план со земјоделецот за справување со ситуацијата и корективните активности треба да се усогласат/поврзат со препознатите основни причини за ефикасно решавање на проблемот.

- **За секоја НС**: СТЛ треба да му ја објасни опасноста и негативните последици (ризици по здравјето, опасност, законска одговорност итн.) на земјоделецот со користење на нашите алатки (брошури, летоци, материјали за безбедност или други релевантни материјали).

*За Екстремните прекршоци секогаш се постапува според нашата процедура за екстремни прекршоци.*

- СТЛ треба да ги евидентира согледувањата во Т2, вклучувајќи детали како што се: ситуација, датум на отворање, основна причина, активности договорени со земјоделецот, како и видот на проблемот утврден од СТЛ.
- Најмалку една ненајавена контролна посета мора да се направи во рок помалку од 6 недели од датумот на извештајот на ПИА за слична активност, на пр., примена на заштитни средства, што не се повторува во истата сезона. Во такви ситуации, ПИА ќе остане отворено до следната сезона.
- Контролна посета не може да се направи истиот ден кога било отворено ПИА.
- Контролната посета треба да се изврши во период што ќе му овозможи на СТЛ да ја процени ситуацијата во слични околности како пријавените.
- Посетата треба да се изврши за време на истата фаза на бербата, доколку се утврди дека проблемот е директно поврзан со одредена фаза, на пр., ангажирани работници за берење без лична заштитна опрема, луѓе кои работат на височина без безбедносна опрема итн.
- За време на контролната посета, СТЛ го проверува статусот на договорениот акциски план со земјоделецот и дали ситуацијата е решена. Документираниот случај може да се означи како затворен во Т2 само ако се исполнети следниве услови:
  - не е забележано повторување за време на контролната посета;
  - спроведена е договорената акција; и
  - теренскиот техничар тврди и документира зошто таквата ситуација веројатно нема да се повтори на истата фарма.
- Континуирани проверки треба да се прават за време на последователни посети за да се види дали корективните дејства сѐ уште се во примена.
- СТЛ одлучува дали проблемот треба да биде подигнат на повисоко ниво доколку земјоделецот упорно ги избегнува корективните дејства.

## 7.6 ЕСКАЛАЦИЈА

СТЛ може да се соочи со тешки ситуации каде земјоделците не би биле волни да признаат и/или да посочат на ПИА. Во такви ситуации, ПИА се упатува до координаторот на земјата за ЗТП да ја дефинира акцијата што треба да се преземе.

Секое ПИА поврзано со ситуации каде што постои сериозен ризик за животот, екстремитетите или слободата на поединецот, што може да биде поврзано со принудна

работа, модерно ропство, трговија со луѓе, тешка и систематска злоупотреба и најлоши форми на детски труд, се класифицира како Екстремен прекршок и тие се подигаат на повисоко ниво како што е опишано во нашата Постапка за екстремни прекршоци.

Во случај на повторливи ситуации и ПИА, случајот се издигнува по хиерархиската структура во точка 3 погоре.

## 7.7 РЕШЕНИЕ И ЗАТВОРАЊЕ

Конечните одлуки донесени во врска со секој случај се регистрираат во Т2 од страна на СТЛ и го вклучуваат следново:

- Состојба на договорена акција.
- Датум на контролна посета.
- Датум на затворање.
- Објаснување зошто СТЛ смета дека слична ситуација веројатно нема да се повтори на истата фарма.

Координаторот на ЗТП има можност да го одбие или прифати затворањето и може да интервенира во секое време по евидентирањето на проблемот. Дополнително, координаторот на ЗТП ги анализира резултатите и го информира Локалниот тим за одржливост за резултатите.

## 7.8 РЕВИЗИЈА НА ДОГОВОРОТ

Ако земјоделецот не покаже доволно посветеност кон преземање на корективни дејствија или упорно не сака да ги преземе неопходните чекори за промена на практиките, СТЛ ќе го процени случајот и ќе води понатамошни активности за време на редовните состаноци за одржливост.

**Анекси**

**Анекс 1** : Дефиниции за процесот на валидација

| | | Дефиниција | Општа акција |
|---|---|---|---|
| **Прашања за итна акција ( ПИА)** | **Тип-1** Помалку од 6 недели | Во ситуации кога физичкиот или менталниот интегритет на една личност е загрозен, деца или ранлива група (т.е. бремени жени и/или доилки) работат и се во опасност, или на работниците можеби не им е дозволено слободно да ја напуштат својата работа на фарма за тутун. | Во овие ситуации, СТЛ **мора веднаш да ја прекине акцијата**, искористувајќи ја можноста да го едуцира/советува и поддржи земјоделецот да дефинира и направи конкретни и трајни промени за да го спречи нивното повторување. |
| | **Тип-2** Повеќе од 6 недели | Ситуации каде што благосостојбата на работниците е загрозена бидејќи не се исполнети стандардите за минимална плата или обезбеденото сместување не е безбедно или соодветно според закон или нашите интерни стандарди. Тоа е кога платите не се пресметуваат согласно минималната плата или доцнат и не ги исполнуваат законските услови. | Кога ќе се идентификуваат вакви ситуации, СТЛ мора да дејствува навремено, да го едуцира/советува и да го поддржи земјоделецот целосно да ги препознае и да ги признае проблемите. Потоа,СТЛ може да препорача конкретни и трајни промени за да се реши проблемот и да се спречи повторување. Тип 2 на ПИА се однесува конкретно на сместување, минимална плата и писмени договори за земјоделските работници. |
| **Несообразност (НС)** | **Лична изјава за НС од земјоделецот** | Изјава од земјоделецот, брачниот другар или работникот (за нивните сопствени деца) со која се потврдува појавата на проблем (еднаков на ПА), иако не биле посведочени/воочени од СТЛ. (на пр. земјоделец изјавува дека неговото 14-годишно дете бере тутун) | Овој тип на НС треба да се пријави како лична изјава и да биде означен во Т2 за следење. На оваа група земјоделци треба да им се даде приоритет кога се планираат ненајавени посети. |
| | **Ризик НС** | Забелешки или изјави кои претставуваат ризик што ако не се земат предвид, потенцијално можат да еволуираат во ПА. | Овие ситуации не ја потврдуваат појавата на проблем, меѓутоа, ризикот треба да се означи за проактивно да се преземат мерки за ублажување (на пр. земјоделецот не е свесен за минималната работна возраст или детето изјави дека работи на фармата). |
| **Екстремни прекршоци** | | Ситуации каде што постои намерен сериозен ризик за животот, екстремитетите или слободата на поединецот што може да се однесува на принудна работа, модерно ропство, | Овие ситуации треба веднаш да се издигнат на повисоко ниво, следејќи ја процедурата за ескалација објаснета подолу. |

| | | |
|---|---|---|
| | трговија со луѓе, тешка и систематска злоупотреба и најлоши форми на детска работа. | Во рамките на Т2, ова ќе се евидентира како ПИА. |

**Анекс 2** : Давање на приоритет на прашања за ЗТП – 7 мерливи стандарди

| | | **Брза акција** | **Лична изјава за НС** | **Ризик за НС** |
|---|---|---|---|---|
| **Принципи на кодексот за ЗТП** | **Мерливи стандарди на ЗТП** | *СТЛ ги набљудува следните ситуации* | *СТЛ добиваат изјави преку интервјуа* | *СТЛ го забележува или го потврдува следново* |
| **Принцип 1: Детски труд** | **1.1** Нема вработување или регрутирање на детски труд. Минималната возраст за прием на работа не е помала од возраста за завршување на задолжителното образование и во секој случај, не е помала од 15 години или минималната возраст предвидена со законите на земјата, се зема предвид она кое пружа поголема заштита.13 | Секоја работа поврзана со тутунот за ангажирани деца под 15 години (или 14 - исклучок за земјите во развој). | Деца под 15 години се ангажирани за тутунски задачи, според изјава на земјоделецот, брачниот другар или работникот (за нивните деца) со што се потврдува појавата на проблем. | • Деца на училишна возраст кои не одат на училиште и се присутни на фармата (за време на училишните часови) без валидна причина.<br>• Училишни записи за деца, доколку се достапни.<br>• Доказ од трета страна која спроведува иницијативи на терен.<br>• Земјоделецот не е свесен за:<br>- Минимална возраст за работа.<br>- Опасни и лесни работни задачи.<br>- Последици од детскиот труд.<br>- Применливи локални и национални закони.<br>• Земјоделецот не ја проверува возраста на работниците.<br>• Децата присутни на места каде се работи тутун (иако не работат) се изложени на опасни ситуации како што се места како плевни, ниви, |
| | **1.2** Ниту едно лице под 18 години не е вклучено во каков било вид опасна работа. | Секоја опасна активност спроведена од деца под 18 години. | Децата под 18 години вршат какви било опасни задачи за тутун, како што изјавил земјоделецот, работникот или брачниот другар (за нивните деца). | |
| | **1.3** Во случај на семејни фарми, детето може да помогне на фармата на неговото семејство само под услов работата да е лесна, а детето да е помеѓу 13 и 15 години или над минималната возраст за лесна работа како што е дефинирано со законите на земјата, кое | Секоја работа поврзана со тутун за под 13 години (или 12 – исклучок за земјите во развој – МОТ 138). | Децата под 13 години се вклучени во каква било задача за тутун, како што изјави земјоделецот, работникот или брачниот другар (за нивните сопствени деца). | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | и да дава поголема заштита. | | | родители кои работат додека носат дете на грб. |
| **Принцип 2: Приходи и работно време** | **2.1** Платите на сите работници (вклучувајќи ги и привремените, сезонските и работниците мигранти) исполнуваат минимум од националните правни стандарди. | Платите на работниците (вклучувајќи ги и привремените, сезонските и работниците мигранти) не ја исполнуваат законската минимална плата. | Земјоделецот не користи извештај/копија за исплата, како што е пропишано со закон или СТЛ не може да го потврди статусот на плаќањата од интервјуто (или да ги поврзе и анализира информациите од повеќе извори каде што е применливо) дали земјоделецот плаќа минимална плата. | Земјоделецот или работникот не знае за законската минимална плата. (Дури и ако земјоделецот го почитува законот). |
| | | | Земјоделецот не издава договор/договор за работа на работници, како што е пропишано со закон. | Земјоделецот не знае како да го пресмета работното време и/или плаќањата. |
| **Принцип 3: Фер третман** | Сите мерливи стандарди според принципот 3. | Овие ситуации се препознати од страна на СТЛ преку интервјуа или изјави од работниците. | Не е применливо. | Доказ од трета страна која спроведува иницијативи на терен. |
| **Принцип 4 : Присилна работа и трговија со луѓе** | Сите мерливи стандарди според принципот 4. | Овие ситуации се препознати од страна на СТЛ преку интервјуа или изјави од работниците. | Не е применливо. | Доказ од трета страна која спроведува иницијативи на терен. |
| **Принцип 5: Безбедна работна средина** | **5. 1** На ниту едно лице не му е дозволено да ракува или бере тутун, или да го обесува во сушници, освен ако не е обучено и не е преземена соодветна заштита за да се | Лицето(а) немаат пристап до заштитна опрема за ракување со зелен тутун. | Земјоделец, работник или брачен другар изјавуваат дека ракуваат со зелен тутун без, или со нецелосна или | Лице(а) кое ракува со зелен тутун, а притоа нема познавање или обука за превенција од ЗТБ и соодветните ризици. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | избегне зелена тутунска болест. | Лице(а) изложено на ЗТБ без заштита или некомплетна / оштетена заштитна опрема. | оштетена заштитна опрема. | Заштитна опрема за ЗТБ е достапна на фармата, но без докази за употреба, на пр., заштитната опрема сè уште стои нераспакувана во кеса. |
| | **5. 2** Ниту едно лице не смее да користи, ракува или применува средства за заштита на културите (СРА) или други опасни материи како што се ѓубрива, без претходно да има соодветна обука и без да ја користи потребната опрема за лична заштита. Лица под 18-годишна возраст, бремени жени и доилки не смеат да ракуваат или применуваат СРА. | Лицето(а) немаат пристап до ЛЗО за примена на СРА.<br>Лице(а) кои ракуваат или применуваат СРА без заштитна опрема.<br>Лице(а) кои ракуваат или применуваат СРА со некомплетна или оштетена заштитна опрема.<br>Бремени жени/доилки кои ракуваат или применуваат СРА. | Земјоделецот, работникот или брачниот другар изјавуваат дека ракуваат или применуваат СРА без, или со нецелосна или оштетена заштитна опрема. | Лице(а) кои применуваат или ракуваат со СРА без знаење или обука за безбедна примена на СРА и поврзаните ризици - ЛЗО за СРА достапни на фармата, но без докази за употреба, на пр., ЛЗО сè уште стои нераспакувана во кеса. |
| | **5.3** Сместувањето, онаму каде што е обезбедено е чисто, безбедно, ги задоволува основните потреби на работниците и е во согласност со законите на земјата. | Сместувањето, онаму каде што е обезбедено, е чисто, безбедно, ги задоволува основните потреби на работниците и е во согласност со законите на земјата. Ве молиме погледнете го списокот на ПА во „Глобалните стандарди за сместување: Стандарди за сместување на земјоделски работници (2020)". | Сите НС наведени во „Глобални стандарди за сместување: Стандарди за сместување на земјоделски работници (2020)" се сметаат како лична изјава за НС. Ве молиме погледнете го списокот на ПА во „Глобалните стандарди за сместување: Стандарди за сместување на земјоделски работници (2020)". | Не е применливо. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Принцип 6: Слобода на здружување** | Сите мерливи стандарди според принципот 6. | Не е применливо. | Овие ситуации се воочени од страна на СТЛ преку интервјуа или изјави од работниците и треба да се сметаат за лична изјава за НС. | Не е применливо. |
| **Принцип 7: Услови за вработување** | **7.1** За време на вработувањето, земјоделците ги информирале работниците за нивните законски права, суштинските аспекти на работните односи и безбедноста на работното место, како што се работата што треба да се изврши, работното време, исплатените плати, периодот на вработување и сите законски задолжителни бенефиции. | Не е применливо. | Овие ситуации се воочени од страна на СТЛ преку интервјуа или изјави од работниците и треба да се сметаат како лична изјава за НС. | Не е применливо. |
| | **7.2** Земјоделците и работниците склучиле писмени договори за вработување според законите на земјата и работниците добиваат копија од договорот. | Кога нема писмен договор за вработување кој е задолжителен според законот на земјата. | Земјоделецот и работниците изјавуваат дека потпишале писмен договор за вработување, но работникот сè уште не добил копија. | Не е применливо. |